Акционерско друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост
Shoqëria Aksionare e Menaxhimit të Hapësirave Afariste në Pronësi Shtetërore
Бр.-Nr. 05-290/17
16-03-2020 20 год.-vite
СКОПЈЕ - SHKUP

АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА
СТОПАНИСУВАЊЕ СО ДЕЛОВЕН ПРОСТОР
ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ - СКОПЈЕ

ул. „Стале Попов„ бр.9 мезанин локал 5 , Скопје, пошт. фах 38, телефон: 226-072

Врз основа на член 114 став 1 алинеја 2 и алинеја 4 од Законот за јавни набавки („Сл. весник на Република Македонија" бр.24/2019 член 25 од Статутот на АД за стопанисување со деловен простор во државна сопственост Скопје, по оглас за доделување на Договор за јавна набавка бр.**02706/2020** Директорот на Друштвото донесе:

## О Д Л У К А

**за поништување на постапката за доделување на договор на јавна набавка бр.02706/2020 за Набавка на патнички возила**

**СЕ ПОНИШТУВА** постапката за доделување на договор за јавна набавка со примена на Поедноставена отворена постапка со електронска аукција за Набавка на патнички возила согласно член 114 став 1 алинеја 2 од ЗЈН (не е поднесена ниту една прифатлива понуда), и 114 став 1 алинеја 4 од ЗЈН(понудувачите понудиле цени и услови за извршување на договорот за јавна набавка кои се понеповолни од реалните на пазарот.

Се задолжува Комисијата за јавни набавки во рок од 3 (три) дена од донесување на одлуката да ги извести сите учесници во постапката за Одлуката за поништување на постапката за доделување на договор за јавна набавка за причините за поништување на постапката и да достави копија од предметната Одлука во прилог на известувањето.

Одлуката стапува во сила од денот на нејзиното донесување.

**Образложение**

По извршената евалуација на двете пристигнати понуди за Набавка на патнички возила по оглас за јн.бр. **02706/2020** од страна на Комисијата за јавни набавки, е констатирано следново:

Вкупната вредност на финансиската понуда на Понудувачот ,,ЕУРОИМПЕКС,, ДОО Скопје е повисока од проценетата вредност на набавката наведена во Одлуката за јавна набавка и во самиот Оглас бр.02706/2020, додека пак, понудената единечна цена за трите возила од ред.бр.2 на Понудувачот ,,АУТОМОТИВ ГРУП,,ДООЕЛ не е во согласност со реалните цени на пазарот.

Врз основа на погоре наведено се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука, согласно член 114 став 1 алинеја 2 и алинеја 4 од ЗЈН.

Правна заштита

Жалбата се изјавува во рок од **пет** дена од денот на приемот на одлуката за поништување на постапката до Државната комисија за жалби по јавни набавки. Жалбата се изјавува до Државна комисија за жалби во електронска форма, а се доставува истовремено до Државна комисија и до договорниот орган преку ЕСЈН.

**Генерален Директор**

**Шеваљ Цеку , дипл.социолог**

**Доставено до:**
Сектор за економско-финансиски работи и информатика
Сектор за стопанисување со деловен простор
Комисија за јавни набавки – Кире Бузлиев
Архива

Изготвил: Јанко Михајловски

Контролирал: Анета Тодоровска

Одобриле Светлана Сотировска

Кирил Ѓорѓов